20251423149

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА И ТРУД

Врз основа на член 35 став 6 од Законот за занаетчиство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 215/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 215/21), министерот за економија и труд донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ЗАНАЕТЧИСКИТЕ ДЕЈНОСТИ ЗА ЧИЕ ВРШЕЊЕ НЕ Е ПОТРЕБНО СООДВЕТНО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ ИЛИ СООДВЕТНО СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ

Член 1

Со овој правилник се определуваат занаетчиските дејности за чие вршење не е потребно соодветно стручно образование или соодветно стручно оспособување.

Член 2

Занаетчиските дејности според Националната класификација на дејностите - НКД Рев. 2.1. за чие вршење не е потребно соодветно стручно образование или соодветно стручно оспособување се дадени во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за определување на занаетчиските дејностите за чие вршење не е потребно соодветно стручно образование или соодветно стручно оспособување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 104/17).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 08-3558/1
10 јули 2025 година
Скопје

Министер за економија и труд
**Бесар Дурмиши**, с.р.

Прилог

**Занаетчиски дејности за чие вршење не е потребно соодветно стручно образование или соодветно стручно оспособување**

| Реден број | Сектор | Подкласа | Видови на занаетчиска дејност |
|---|---|---|---|
| 1. | А/А | 01.480 | Одгледување други животни (медар, црвар) |
| 2. | А/А | 02.200 | Сечење дрва |
| 3. | А/А | 02.300 | Собирање шумски плодови и производи, освен дрва |
| 4. | А/А | 02.400 | Помошни услуги во шумарството (транспорт на трупци во шумите) |
| 5. | В/Б | 08.110 | Вадење декоративен камен, варовник, гипс, шкрилци и други камења |
| 6. | В/Б | 08.120 | Вадење чакал, песок, глина и каолин |
| 7. | С/В | 10.390 | Друга преработка и конзервирање овошје и зеленчук |
| 8. | С/В | 10.610 | Производство на мелнички производи (мелач) |
| 9. | С/В | 10.830 | Преработка на чај и кафе |
| 10. | С/В | 13.100 | Подготовка и предење текстилни влакна |
| 11. | С/В | 13.200 | Ткаење текстил |
| 12. | С/В | 13.300 | Доршување текстил (белење, боење и печатење) |
| 13. | С/В | 13.910 | Производство на плетени и хеклани ткаенини |
| 14. | С/В | 13.920 | Производство на текстилни производи за домаќинство и готови производи за домаќинство (јорганџија) |
| 15. | С/В | 13.940 | Производство на јажиња, конопи, плетенки и мрежи |
| 16. | С/В | 13.960 | Производство на друг технички и индустриски текстил |
| 17. | С/В | 13.990 | Производство на друг текстил, н.д.м. |
| 18. | С/В | 14.100 | Производство на плетена и хеклана облека |
| 19. | С/В | 14.290 | Производство на друга облека и додатоци, н.д.м. (шапкар и производител на додатоци од текстил) |
| 20. | С/В | 15.120 | Производство на патни и рачни торби, седларски и сарачки производи од секаков материјал |
| 21. | С/В | 15.200 | Производство на обувки (опинчар и папуџија) |
| 22. | С/В | 16.110 | Пилење и стружење дрво (бичкиџија) |
| 23. | С/В | 16.240 | Производство на дрвена амбалажа |
| 24. | С/В | 16.280 | Производство на останати производи од дрво и плута, слама и плетачки материјал |
| 25. | С/В | 23.150 | Производство и обработка на друго стакло, вклучувајќи и техничка стаклена стока |
| 26. | С/В | 23.320 | Производство на цигли, ќерамиди и производи од печена глина за градежништвото |
| 27. | С/В | 23.410 | Производство на керамички предмети за домаќинствата и керамички украсни предмети |
| 28. | С/В | 23.520 | Производство на вар и гипс |
| 29. | С/В | 23.610 | Производство на производи од бетон за градежни цели |
| 30. | С/В | 23.660 | Производство на други производи од бетон, цемент и гипс |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 31. | C/B | 23.700 | Сечење, обликување и доработка на камен |
| 32. | C/B | 23.910 | Производство на абразивни производи |
| 33. | C/B | 24.540 | Леење други обоени метали |
| 34. | C/B | 25.400 | Ковање и обликување метал и металургија на прав (ковач, налбат, острач) |
| 35. | C/B | 25.510 | Пресвлекување метали (калајџија) |
| 36. | C/B | 25.520 | Топлинска обработка на метали |
| 37. | C/B | 30.990 | Производство на други превозни средства, н.д.м. (колар, коларо-ковач) |
| 38. | C/B | 32.130 | Производство на бижутерија и слични производи |
| 39. | C/B | 32.200 | Производство на музички инструменти |
| 40. | C/B | 32.400 | Производство на игри и играчки |
| 41. | C/B | 32.910 | Производство на метли и четки |
| 42. | C/B | 32.990 | Останато производство, н.д.м. |
| 43. | F/Ѓ | 43.120 | Подготвителни работи на градилиште |
| 44. | F/Ѓ | 43.240 | Други градежни инсталатерски работи (ролетар) |
| 45. | F/Ѓ | 43.320 | Поставување столарија |
| 46. | F/Ѓ | 43.910 | Ѕидарски работи |
| 47. | H/Ж | 49.420 | Услуги за преселување |
| 48. | O/Љ | 74.200 | Фотографски дејности |
| 49. | O/Љ | 77.220 | Изнајмување и давање под закуп (лизинг) останати предмети за лична употреба и за домаќинствата |
| 50. | O/Љ | 81.210 | Основно чистење згради |
| 51. | O/Љ | 81.220 | Останати дејности на чистење згради и индустриско чистење |
| 52. | O/Љ | 81.230 | Останати дејности на чистење |
| 53. | O/Љ | 81.300 | Услужни дејности за уредување и одржување на животната средина |
| 54. | O/Љ | 82.100 | Канцелариско-административни и помошни дејности (фотокопир) |
| 55. | O/Љ | 82.920 | Дејности на пакување |
| 56. | S/O | 93.210 | Дејности на забавни и тематски паркови |
| 57. | S/O | 93.290 | Забавни и рекреативни дејности н.д.м. |
| 58. | T/П | 95.230 | Поправка и одржување обувки и производи од кожа |
| 59. | T/П | 95.240 | Поправка и одржување мебел и покуќнина |
| 60. | T/П | 95.250 | Поправка и одржување часовници, рачни часовници и накит |
| 61. | T/П | 95.290 | Поправка и одржување предмети за лична употреба и за домаќинствата, н.д.м. |
| 62. | T/П | 96.100 | Перење и чистење текстилни и крзнени производи |
| 63. | T/П | 95.310 | Поправка и одржување на моторни возила (мијач на коли, вулканизер) |
| 64. | T/П | 96.990 | Останати лични услужни дејности, н.д.м. |